Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 22.06.2023

На 21.06.2023 во 19.30 часот, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица ги лишиле од слобода А.А.(36), Н.А.(35) и Е.А.(24), сите од Струмица. Тие биле затекнати во близина на Струмица како обработуваат засадени стебла марихуана. На местото биле пронајдени 29 стебла кои биле одземени. Исто така, при преглед на Н.А. била пронајдена и марихуана. Лицата биле задржани во Полициска станица Струмица, за настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по целосно документирање против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.06.2023 околу 00.15 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 32-годишниот В.И. од гостиварски Градец. При претрес во угостителски објект и помошни простории во ова село, кои ги користел, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 21.06.2023 полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода С.Ј.(27) и Г.М.(30), двајцата од Велес, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на настанот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.06.2023 во 01.30 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.06.2023 во 23.20 часот на подрачје на Чаир, полициски службеници го лишиле од слобода Б.Ј.(26) од с.Черкези, кумановско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.06.2023 околу 03.00 часот на улица „Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар пронашле бела прашкаста материја. Подоцна, во врска со настанот, во Полициската станица Гостивар на службен разговор било повикано 56-годишно лице од Гостивар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (21.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 246 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 90 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, 15 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, пет мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се 10 санкции за користење мобилен телефон при управување возило, четири мерки за минување на затворен сигнал – црвено светло, пет мерки за некористење сигурносен појас...

На 21.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 26 прекршоци, од кои 14 надвор од населено место и 12 во населено место. Санкционирани биле и 14 други видови на прекршоци, од кои, 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 4 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигурносен појас и 1 за користење мобилен телефон.

На 21.06.2023 околу 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локален пат кон с.Бардовци, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „пежо 406" со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.А.(42) од с.Бардовци, скопско и патничко моторно возило „нисан микра" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.А.(25) од Скопје. Во несреќата со телесни повреди се здобиле Љ.А. и нејзината 16 - годишна сопатничка од с.Бардовци кои им биле констатирани во Градската општа болница „8 Септември", додека со тешки телесни повреди се здобил возачот А.А. констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 21.06.2023 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Франклин Рузвелт" и ул.„Руѓер Бошковиќ", патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(34) од с.Марино, општина Илинден, удрило во В.А.(51) од Скопје, по што го напуштило местото. По несреќата В.А. била пренесена во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" каде и биле констатирани тешки телесни повреди. По преземени мерки, полициски службеници го пронашле возачот А.С. и го привеле во Полициската станица Карпош за понатамошна постапка. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 21.06.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, Г.К.(42) од с.Долно Лисиче, скопско, пријавил дека на ул.„Горно Лисиче" бил каснат од куче скитник.

На 21.06.2023 во 11.10 часот во Полициската станица Чаир, Б.П.(69) од Скопје пријавила дека на ул. „АФЖ" била касната од куче скитник.

На 21.06.2023 во 14.45 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.М.(27) од Куманово. Тој бил затекнат при обид да одземе предмети од објект на улицата „Србо Томовиќ". С.М. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Ѓ.Д.(45) од Берово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување" и „фалсификување на службена исправа". Пријавениот, референт во подружница Шумско стопанство „Малешево" - Берово при Јавното претпријатие „Национални шуми", во периодот од 23.04.2021 до 15.06.2022 во 63 наврати во испратници за превоз на дрвна маса внесувал лажни податоци. Имено, тој бил задолжен при секој транспорт да пополни четири испратници со ист серски број, но наместо тоа двете од нив ги пополнувал и издавал на превозникот, по што го задолжувал да му ги врати по реализацијата на транспортот, а на останатите две испратници впишувал нереални и лажни податоци со помала количина на дрвна маса од реално издадените испратници, со различни имиња на превозници, адреси, вид, сортименти на дрвна маса за разлика од другите две испратници, потпишувајќи се во име на превозникот. На тој начин тој се стекнал со противправна имотна корист од 6.198.278 денари.

На 21.06.2023 во 12.30 часот, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода М.А.(24) од Гостивар затоа што кај него била пронајдена и одземена метална дробилка со остатоци од марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(23) од с.Слатино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 29.07.2022 на регионален пат за с.Јажинце, тетовско, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, при што кај него пронашле и одзеле марихуана.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Е.А.(39) од Ресен поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „прикажување порнографски материјал на дете". Тој, на 19.03.2023 на повеќе малолетници на 11 - годишна возраст од Струга, преку видео повик на апликацијата вибер, им покажувал недолични содржини.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Љ.А.(61) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". Тој, на 02.06.2023 на улица „Ристо Крле" во Струга со тврд предмет го нападнал В.Г.(38) од Струга.
Во текот на вчерашниот ден (21.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 345 возачи. Од нив, девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 205 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 140 надвор од населено место.

На 21.06.2023 во периодот од 10.00 до 14.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на возила, пред се на нивната техничка исправност. При контролата биле откриени и санкционирани 3 технички неисправни возила (ТЕ-1) и (ГВ-2), од кои 2 (ГВ) имале неисправни сопирачки и 1 (ТЕ) неисправни светлосни уреди. Трите неисправни возила веднаш се исклучени од сообраќај, а на возачите им се изготвени законски предвидените поднесоци. Покрај ова, со адекватни поднесоци биле заокружени и 13 возила (ТЕ) со непропишано затемнети стакла, како и 2 возачи (ТЕ) кои ги управувале возилата без возачки дозволи, 1 (ТЕ) кој со себе не носел возачка дозвола и 24 возачи (ТЕ) кои непропишно ги паркирале нивните возила.

На 21.06.2023 околу 06.15 часот на автопатот Табановце – Куманово, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот при Регионалниот центар за гранични работи Север забележале дека од патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки излегуваат 12 лица мигранти. Откако ги забележал полициските службеници, возачот го напуштил местото. Мигрантите биле сместени во прифатно - транзитен центар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.06.2023 во 13.00 часот во СВР Тетово, А.Х.(60) од Република Турција пријавил дека во март година, тој и уште 26 други лица, исто така, од Турција, биле повикани од април да почнат да извршуваат градежни работи на објекти на гостиварското подрачје, а дека за нивната работа редовно ќе им исплаќал Е.М.(37) од Гостивар. Но, пред извесно време Е.М. одбил да им исплати извесен паричен износ и им упатил закани. Се расчистува и документира случајот.

На 21.06.2023 во 12.55 часот во СВР Тетово, 36-годишниот тетовец Љ.Ј. пријавил дека при извршување работи на неговата нива во место викано „Кале", пронашол кородирана рачна бомба. Извршен бил увид, а бомбата била подигната од претставник на Дирекцијата за заштита и спасување, кој констатирал дека се работи за рачна бомба од кинеско производство.

На 21.06.2023 во 17.10 часот во Полициската станица Пробиштип, чувар во Градската депонија во Пробиштип пријавил дека на депонијата пронашол стар кородиран револвер. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Пробиштип, а револверот бил подигнат за понатамошна постапка.

На 21.06.2023 во 22.17 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, А.З.(43) од Скопје пријавил дека Х.М., К.М. и С.А. со употреба на сила влегле во неговата куќа, ја оштетиле влезната врата, по што физички го нападнале него, А.Р.(43) и малолетно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.06.2023 во СВР Битола, Ф.П.(34) од Битола пријавил дека во Градскиот парк во Битола бил каснат од куче со сопственик.

На 21.06.2023 во 21.40 часот во Полициската станица Карпош, М.Н.(66) од Скопје пријавил дека на 20.06.2023 во 13.40 часот на подрачје на Карпош бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.06.2023 во 02.30 часот во Полициската станица Драчево, Ф.Е.(61) од с.Студеничани пријавил дека на 21.06.2023 околу 18.30 часот во с.Алдинци бил физички нападнат од едно лице, кое употребило тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.06.2023 во 11.45 часот во Полициската станица Аеродром, С.П.(61) од Скопје пријавил дека на ул. „Февурарски поход" бил каснат од куче скитник.

На 21.06.2023 во 22.00 часот во Полициската станица Центар, В. Н. пријавила дека на подрачје на Центар нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од татко на негов соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.06.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Драчево, 43-годишна жена од Скопје пријавила дека на 20.06.2023 околу 22.00 часот на ул.„Драчевска" едно машко лице физички ја нападнало нејзината 15-годишна ќерка и ја допирало по телото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.06.2023 во СВР Битола, Љ.Х.(52) од Битола пријавил дека на ул.„Крушевска Република" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 21.06.2023 во 12.15 часот, Г.С.(57) од Кичево во полициска станица пријавил дека во близина на Градските гробишта во Кичево бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет